РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 12-02-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | -769 | /1 | |

( Образец ПП……)

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**До:** ______________________________________________

**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Известување доставено до [redacted] во врска со поднесок примен во Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на ден 07.11.2023 година.
2. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно допис од [redacted] примен во Државна комисија за спречување на корупцијата на ден 07.11.2023 година.
3. Известување во врска со предмет бр. 12-1734/1 од 04.06.2024 година под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година.
4. Одлука заведена во ДКСК под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер**

**Во Скопје, 16.02.2025 година** [redacted]

urim Abazi

| | |
|---|---|
| om: | [redacted] |
| ent: | Sunday, February 16, 2025 1:36 PM |
| o: | contact@dksk.org.mk; b.abazi@dksk.org.mk |
| ubject: | Барање за пристап до информации од јавен карактер |
| ttachments: | Барање слободен пристап до информации.pdf |

**Іочитувани,**

**Зо прилог доставувам барање за пристап до информации од јавен карактер.**

[redacted]

Бр./Nr. 03-769/2
28-02-2025 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 и 2 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-769/1 од 17.02.2025 година, доставено од д-р [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-769/1 од 17.02.2025 година, доставено од [redacted] до ДКСК, **ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА**.

Одлука бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година, објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година до барателот да се достави на начин наведено во барањето по одвојување на податоците кои се заштитени со закон.

Одлука заведена во ДКСК под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година и известување бр. 12-1734/1 од 04.06.2024 година до барателот да се достави на начин наведено во барањето во пероснализирана форма.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

### *Образложение*

Барателот на информацијата, во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-769/1 од 17.02.2025 година со кое побара:

*„1. Известување доставено до [redacted] во врска со поднесок примен во Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на ден 07.11.2023 година.*
*2. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно допис од [redacted] примен во Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 07.11.2023 година.*
*3. Известување во врска со предмет бр. 12-1734/1 од 04.06.2024 година под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година.*
*4. Одлука заведена во ДКСК под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година“*

По разгледување на барањето, ДКСК констатираше дека располага со бараните информации и дека се работи за информации поврзани со предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител. На 98-та седница на ДКСК на ден 11.01.2024 година е донесена Одлука бр. 08-5210/2 од 16.01.2024 година, објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-5210/3 од 16.01.2024 година Одлуката е доставена до пријавителот на запознавање и за предмет оформен по доставена пријава од познат подносител за што ДКСК на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година донесе Одлука бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година, објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година Одлуката е доставена до пријавителот за запознавање.

ДКСК по однос на сите барани информации одлучи на следниот начин:

По однос на бараната информација „Известување доставено до [redacted] во врска со поднесок примен во Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на ден 07.11.2023 година и Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно допис од [redacted] примен во Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 07.11.2023 година“ се одлучи до барателот да се достави Одлука бр. 12-5210/2 од 16.01.2024 година, објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-5210/3 од 16.01.2024 година Одлуката е доставена до пријавителот за запознавање, по одвојување на податоците заштитени со закон согласно член 22 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

По однос на бараната информација „Известување во врска со предмет бр. 12-1734/1 од 04.06.2024 година и Одлука заведена во ДКСК под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година“ се одлучи до барателот да се достави Одлуката бр. бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година и Известување бр. 12-1734/1 од 04.06.2024 година во персонализирана форма од причина што се работи за исто лице пријавител / барател.

Предметното барање за пристап до информации од јавен карактер и споделување на истото во целост е во спротивност со членот 7 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Откривањето или на друг начин правење на достапни на ваквиот документ значи повреда на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Законските одредби од членот 6 на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер одговараат на утврдениот заштитен интерес и врз истиот одговараат и законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

Согласно член 7 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

Согласно член 22 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), седниците на ДКСК се јавни.

Согласно член 22 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), по исклучок на ставот (4) од овој член, јавноста може да биде исклучена кога се постапува по предмети кои содржат класифицирани информации и податоци кои се заштитени со закон.

Согласно член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер имателот на информацијата може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 став 1 од овој закон, имајќи го во предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.

Со оглед на наведеното и содржината на барањето, ДКСК спроведе тест за штетност и се направи проценка на документите Одлука бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година, објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година.

Со оглед на тоа што документите содржат податоци кои можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации (ДКСК), ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на барањето на останатиот дел од документот.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Одобрил: Адем Чулуљ – Генерален секретар